Република Северна Македонија
**Инспекциски совет**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Këshilli Inspektues**

Арх. број/Num.ark: 12-1105/ 3
Датум/Data: __________ година

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за транспорт и врски-Ministria e Transportit dhe Lidhjeve
Државен комунален инспекторат-Inspektorati Shtetëror Komunal
Скопје-Shkup

| Примено: Pranuar: | 13. 12. 2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Njësia org. | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 341/1 | | |

Г-дин Сали Ајдини, в.д директор
Државен комунален инспекторат
Бул. „Кузман Јосифовски Питу", бр. 15
1000 Скопје, Република Северна Македонија

06. 12. 2023

Предмет: Заклучок од 333-та седница на Инспекциски совет

Врска (Ваш број): 01-866/1 од 08.11.2023 година

Архивски знак
Shenja arkivore
Рок на чување ______ год.
Afati i ruajtjes
Скопје ______ 20__ година
Shkup

Почитуван Г-дин Ајдини,

Врз основа на Член 33 став (3) од Законот за инспекциски надзор (Сл. Весник на РСМ, бр. 102/2019) Инспекцискиот совет на својата 333 - та седница одржана на 06.12.2023 година го разгледа Годишниот план за работа на Државниот комунален инспекторат за 2024 година, со **бр. 12-1105/1 од 10.11.2023 година, и за истиот дава согласност.**

Се задолжува директорот на инспекциската служба, веднаш по приемот на оваа согласност, да го објави Годишниот план на веб страницата на Државниот комунален инспекторат, согласно член 33, став (1) од Законот за инспекциски надзор.

Искрено,

Даниела Рендевска
Претседател на Инспекциски совет

Republika e Maqedonisë së Veriut - KËSHILLI INSPEKTUES - Shkup
Република Северна Македонија - ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ - Скопје

Подготвила: Анета Бејатовиќ, советник
Контролирал: Сашо Мержаноски, генерален секретар
Одобрил: Ресул Шемо член на Инспекцискиот совет

Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
ДРЖАВЕН КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА 2024 ГОДИНА

Дел. Бр. 08- 312/1

Датум: 10.11.2023

Место: Скопје

(м.п.)

М-г Sali Ajdini
[име и презиме]

в.дДиректор
[функција / звање на раководител на инспекциска служба]

[потпис]

Содржина:


I. **Резиме**

II. **Анализа на ризици**

II.1. Области и групи на субјекти каде Државниот комунален инспекторат врши надзор

II. 2. Основен ризик кај областите на вршење инспекциски надзор

II.3. Планирања на Државниот комунален инспекторат во 2024 година

III. **Организација и раководење**

III. 1. Правен статус на институцијата

III.2. Раководство

III.3. Надлежности

III.4. Органицациона структура

III.5. Состојба со човечи ресурси

- Табеларен преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекцискинадзори во 2024 година, по вид, возраст и звање (Табела 1)
- Табеларен план за нови вработувања и пензинирања на инспектори

IV. **Инспекциски надзор**

IV.1. Цели кои треба да се остварат со инспекцискиот надзор

IV.2. Резултати

IV.3. Краток опис

IV.4. Индикатори

- Табеларен преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2024 година, по региони и општини (Табела 3)

V. **Обука на инспекторите и административните службеници**

- Табеларен преглед за генеричи обуки на инспекторите согласно годишната програма за генеричи обуки за 2024 година

VI. **Буџет и финансирање**

- Табела на обезбедени финансиски средства по ставки на трошење-планирани расходи за 2024 година

VII. **Меѓународна соработка**

VIII. **Други активности на инпекциската служба**

I.Резиме

Врз основа член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 110/19), и член 33од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/19)како и Правилникот за содржината и формата на Годишниот план за работа на инспекциска служба („Службен весник на Република Северна Македонија"бр.238/19) в.д Директорот на Државниот комунален инспекторат донесе Годишен план за работа на инспекциската служба за 2024година, и истиот ги содржи следните поглавја:

**Анализа на ризици**

Државниот комунален инспекторат во 2020 година има донесено **Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори бр. 08-230/1од 04.08.2020 година** и за истата има добиено позитивно мислење од страна на Инспекцискиот совет на Република Северна Македонија за усогласеностсо Правилникот за елементите на проценка на ризик, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на проценка на ризик(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 247/19)бр. 12-388/6 од 13.08.2020 година.

Поради укинување на надлежност согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), како и поради давање на нова надлежност во делот на управување со отпад со донесување на Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 216/21), Државниот комунален инспекторат во 2021 година согласно член 32 став 4 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/19) донесе нова **Предлог - Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори бр.08-254/4 од 03.11.2021 година која претставува втора изменета и дополнета верзија и по истата има добиено позитивно мислење од страна на Инспекцискиот Совет на Република Северна Македонија со Заклучок од 238-та седница со арх. бр. 12-900/3 од 02.12.2021 година за усогласеност со Правилникот за елементите на проценка на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекцискиот надзор врз основа на проценка на ризикот („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 247/19).**

Исто така, направена е **измена и дополна** на Предлог Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори бр.08-275/1 од 10.10.2023година, односно направен е табеларен приказ од областа –управување со отпадот (Ниво 3 – висок степен на ризик) и истата ќе преставува трета верзија

за која е добиено позитивно мислење од страна на Инспекцискиот совет со бр.12-974/3 од 19.10.2023година за усогласеност со Правилникот за елементите на проценката на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекцискиот надзор врз основа на проценка на ризик.

Дадени се областите и група на субјекти каде Државниот комунален инспекторат врши инспекциски надзор, како и основниот ризик кај секој од областите на вршење инспекциски надзор.

**Организација и раководење**

Прикажан е правниот статус на Државниот комунален инспекторат, раководството, надлежностите, организационата структура и состојбата со човечките ресурси (бројот на вработени, планирани нови вработувања и пензионирања, и бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор во 2024 година).

**Инспекциски надзор**

Годишниот план за инспекциски надзор е важна алатка во управувањето со надзорот, бидејќи ги распоредува ограничените ресурси на инспекторатот со цел да постигне максимални ефекти во спречувањето на неправилностите и минимизирање на штетите. Изработката на планот е во најголем дел заснована врз проценката на ризиците. Квалитетот на планот е во директна корелација со квалитетот на проценката на ризиците.

Годишниот план за 2024 година е донесен врз основа на **направената измена и дополна на Предлог - Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори бр.08-275/1 од 10.10.2023 година,која преставува трета изменета и дополнета верзија и даденото позитивно мислење од страна на Инспекцискиот Совет на Република Северна Македонија со Заклучок од 326-та седница со арх. бр.12-974/3 од 19.10.2023година за усогласеност со Правилникот за елементите на проценка на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекцискиот надзор врз основа на проценка на ризикот („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 247/19).**

Извршено е планирање на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2024година, по региони и општини, при што планирани се редовните инспекциски надзори како минимум за секој инспектор за период.

**Обука на инспекторите и администартивните службеници.**Во согласност со член 50од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/19) Државниот комунален инспекторат за 2024 година има донесено **Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на**

**секој инспектори Годишна програма за специјализирана обука за инспекторите.** Прикажан е табеларен преглед за генерички обуки за секој инспектор во Државниот комунален инспекторат, кои се предвидени да се реализираат во 2024 година.

**Буџет и финансирање**

Државниот комунален инспекторат располага со буџет кој овозможува и ги покрива сите планирани расходи за тековната година. Дадена е табела на обезбедени финансиски средства по ставки на трошење- планирани расходи за 2024 година.

**Меѓународна соработка**

Државниот комунален инспекторат во изминатиот период нема воспоставено меѓународна соработка и врз основа на тоа меѓународна соработка во 2024 година не е планирана. Се надеваме во иднина да се појават проекти и активности со цел доближување до правилата и прописите од комунланата дејност согласно законодавството на ЕУ.

**Други активности на инспекциската служба**

При вршење на работите Инспекторатот ги почитува начелата на трансарентност и јавност во согласност со закон. Информациите поврзани со и за работата на Државниот комунален инспекторат во електронска форма им се достапни на граѓаните на веб страната(www.dki.gov.mk). Вработените имаат соодветна ИТ технологија, но немаат соодветни вработени за одржување на истите.

## II.Анализа на ризици

Државниот комунален инспекторат врз основа на измената на Предлог - **Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори бр.08-275/1 од 10.10.2023 година,која преставува трета изменета и дополнета верзија и даденото позитивно мислење од страна на Инспекцискиот Совет на Република Северна Македонија со Заклучок од 326-та седница со арх. бр.12-974/3 од 19.10.2023година за усогласеност со Правилникот за елементите на проценка на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекцискиот надзор врз основа на проценка на ризикот („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 247/19).**

Согласно Методологијата за проценка на ризик при планирања на инспекциски надзори, проценката на ризиците во делокругот на надлежностите на ДКИ, се врши врз база на анализа на постоечката состојба од аспект на работење на субјектите кои се предмет на инспекциски надзор и врз база на извршените инспекциски надзори во изминатите години.

Проценката е напрвена врз основа на стекнатото искуство при долгогодишното вршење на инспекциски надзор (инспектирање на одредени субјекти) во минатото, во областите за кои е надлежен инспекторатот, законската и

подзаконската регулатива, изворитена информации и податоци за идентификување, претставки, пријави, дојави од правни и физички лица, информации од други надлежни инспекторати и сл.

Државниот комунален инспекторат преку извршување на инспекциските надзори и преземање на соодветни управни мерки придонесува за зголемување на ефикасноста и ефективноста во работењето на Јавните комунални претпријатија основани од Владата на Република Северна Македонија и Јавните комунални претпријатија основани од општините, на среден рок, како и на правните и физичките лица на кои им е издадена дозвола за вршење на соодветна комунална дејност од страна на државниот орган на управата.

Целта на Државниот комунален инспекторат е да делува врз ефикасноста и зголемувањето односно подобрување на состојбите во комуналните дејности на среден рок, и тоа преку инспекциски надзор кој ќе има превентивен и едукативен каратер, што се ќе се реализира преку организирање на семинари и работилници.

**II. 1 Области и група на субјекти каде Државниот комунален инспекторат врши надзор се:**

| Области на дејности | Групи на субјекти во дејноста |
|---|---|
| А. Снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води | 1. Јавни претпријатија основани од Влада на РСМ-Регионални водоснабдителни и колекторски системи-даватели на услуга<br>2. Јавни претпријатија основани од ЕЛС – даватели и корисници на услуга |
| Б. Одржување на јавна чистота | 1. Аеродроми<br>2. Гранични премини |
| В. Одржување на гробишта и давање на погребални услуги | 1. Управители на гробишта за одржување-ЈП основани од ЕЛС<br>2. Правни и физички лица со дозвола-Управители за одржување на гробишта<br>3. Правни и физички лица со дозвола - Оператори за давање на погребални услуги |
| Г. Заштита на јавни патишта ( автопатишта, магистрални и регионални патишта) | 1. Наплатни станици<br>2. Бензиски пумпи<br>3. Мотели |
| Д. Спречување,вршење на нерегистрирана дејност | 1. Јавни претпријатија основани од Влада на РСМ<br>2.Правни и физички лица кои поседуваат дозвола издадена од надлежен орган |
| Ѓ. Комунални дејности | 1. Јавни претпријатија основани од Влада на РСМ |

| | |
|---|---|
| | 2. Правни и физички лица кои поседуваат дозвола за вршење на соодветна комунална дејност – давател на услуга |
| Е. Управување со отпад | 1. Јавни комунални претпријатија (даватели на услуга)<br>2. Правни и физички лица (оператори кои поседуваат дозвола) |
| Ж. Домување | По барање и склучување договор со ЕЛС |

## II. 2 Основен ризик кај областите на вршење на инспекциски надзор

Основни ризици кои можат да настанат доколку не се применуваат законите и подзаконските акти од страна на субјектитеврз кои Државниот комунален инспекторат врши инспекциски надзор се:

*Во облата снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води*- Основен ризик за граѓаните на цела територија на РСМ е во делот на незадоволувањето на потребите на физички и правни лица со потребна количина на здрава и квалитетна вода за пиење за корисниците на услугата преку регионалните водоснабдителни и колекторски системи, необезбедување на доволен притисок во мрежата,како и не пречистувањето на урбаните отпадни води при нивно испуштање во реципиентот, како и редовно пречистување со истата.

*Во областа одржување на јавната чистота*- Основен ризик е во делот на загрозување и уништување на животната средина, здравјето на граѓаните и околината преку оставање на шут, испуштање на отпадни води, недоволен број на садови за времено одлагање на смет, како и отстранување на наведените недозволено дејства со кои се влијае на првиот впечаток на корисниците на аеродромите и граничните премини.

*Во областа одржување на гробишта и давање на погребални услуги*- Основниот ризик е во делот на исполнување на условите за добивање на дозволата во секое време, односно да не предизвикува штети на гробиштата при вршење погреб, финансиска способност во тековната година, избегнување на било какви прекршочни санкции и кривични дела, задоволување на потребниот број на вработени , специјални возила , се со цел давање континуирано и квалитетна услуга на граѓаните.

*Во областа заштита на јавни патишта*- Основен ризик е во делот на заштита на трупот на патот и патниот појас, намалување на видливоста на банкините и патниот појас со кој се врши загрозување на безбедноста на учесниците во сообраќај при влез и излез од објектите, уништување на животната средина преку оставање на градежен материјал, испуштање на отпадни води, недоволен број на садови за времено одлагање на собраниот смет и др.

*Во областа забрана и спречување за вршење на нерегистрирана дејност*- Основен ризик е во делот на остварување на приходи од нерегистрирана дејност, кога субјектите вршат дејност што не е предвидена со Статутот,не е запишана во Централниот регистар- може да настане последица од небезбедно и квалитетно извршување на дејноста поради неквалификуваност, недоволна опременост и загрозување на корисниците или друга популација, при што доаѓа до нарушување на економско правниот баланс во државата.

*Во областа комунална дејност*- Основен ризик е во делот на квалитетно и трајно давање на услугите кон физичките и правни лица, дали истата брзо и ефикасно се воспоставува при евентуален прекин на услугите и преземање итни мерки за нивно отстранување , како и донесување на потребните акти (Годишна програма, Одлуки за надоместоци , склучување на договори со правни лица кои поседуваат дозвола за одредена комунална дејност и итн) согласно законската регулатива.

*Во областа управување со отпад*- Основен ризик е во делот на загрозување и уништување на животната средина, здравјето на граѓаните и околината преку оставање на шут, недоволен број на садови за различен вид на отпад , недоволна информираност на граѓаните во делот на правилно селектирање на отпадот, потребно за намалување на количините на отпад, а со тоа и избегнување на создавање на нови диви депонии на територијата на РСМ.

Динамиката во работењето на Државниот комунален инспекторат во 2024 година, посебно ќе се зголеми при инспекциските надзори во субјектите на надзорот, се со цел да се помогне во побрзо и поефикасно усогласување на одредбите од законот во рокот предвиден за усогласување на субјектите со одредбите од законот.

**II. 3.Врз основа на направената анализа во 2024 година при вршење на инспекциските надзори :**

1. Ќе се обрне внимание на вршење на инспекциски надзор во работењето на регионалните водоснабдителни системи во делот кој се однесува на снабдувањето со вода за пиење и одведување на урбаните отпадни води предвидени со Законот за снабдувањето со вода за пиење и одведување на урбаните отпадни води, посебно стопанисувањето со локалните водоводни системи што се на територија на локалните самоуправи и не се превземени со управување од страна на локалните комунални претпријатија (претставува голем проблем).
2. Посебно ќе се обрене внимание на доследна примена на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност, кај субјектите од комуналната област (Јавните претпријатија, основани од Владата на Република Северна Македонија и кај субјектите на кои им е издадено дозвола за вршење на соодветна комунална дејност издадена од страна на државниот орган на управата) така што во тековната состојба издадена од Централниот регистар на РСМ се проверува дали регистрираните дејности се обавуваат согласно статутите на субјектите и дали се врши одредена дејност која не е предвидена со статутот и тековната состојба на Централниот регистар, со што ќе се спречи вршење на нерегистрирани дејности на субјектите од комуналната област.
3. Во однос на заштитниот појас на јавните патишта од интерес на државата ќе продолжи да се врши надзор на објектите покрај патот, посебно бензиските станици,мотели и други јавни објекти.
4. Во однос на Законот за гробишта и погребални услуги посебно внимание ќе се посвети на операторите за вршење на погребални услуги во делот на исполнување на условите за издавање на дозвола за вршење на погребални услуги, од причина што при вршење на планираните инспекциски надзори во 2023 година, се појавија повеќе неправилности кај овие субјекти.

   Во делот на примената на Законот за гробишта и погребални услуги, посебно во руралните општини. Ова особено од причина што локалните власти на територијата на општината целосно го немаат покриено управувањето со гробиштата. Сеуште не е воспоставен систем на управување со гробиштата во руралните општини на целата територија на општината, како инфраструктурен комунален објект од страна на Јавното претпијатие основано од општината, и тоа од причина што органите на управување во општината не ги применуваат одредбите пропишани со закон.

   Согласно член 48 и 49 од Законот за гробишта и погребални услуги ниту една општина (освен градските гробишта) во Републиката не пристапила кон обезбедување на услови за превземање и преостапување на гробиштата во останатите населени места од општината во надлежност и управување на општинските јавни комунални претпријатија, од причини што во тие општини

се уште управуваат одредени црковни одбори  и истите пружаат отпор во предавањетона гробиштата на управителите (јавните комунални претпријатија и други правни и физички лица со лиценца за управување со гробишта).Нај изразено е во општините каде преовладува исламската вероисповед.

5. Во однос на Законот за управување со отпад ќе се вршат инспекциски надзори над субјектите коишто се учесници во овој закон со стрикна примена изрекување на инспекциски мерки, од причина што рокот за адаптирање на субјектите од една година е поминат и практично тие се активни учесници во имплементација на Законот за управување со отпад. Тоа значи дека субјектите на надзорот ќе подлежат на изрекување на санкции преку опомени, решенија и прекршочни постапки.

## III. Организација и раководење

### III. 1. Правен статус на институцијата

Државниот комунален инспекторат се заснова на член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор според кој Државниот комунален инспекторат е орган во состав на Министерството за транспорт и врски и има статус на правно лице, со сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно закон и одлучува за правата и обврските од работен однос на правното лице.

### III.2. Раководство

Со Државниот комунален инспекторат раководи Директорот на инспекторатот,  Раководител на Одделението за инспекциски надзор, Раководител на Одделение за човечки ресурси , со овлатување Раководител на одделение за финансиски прашања, додека раководното место за Одделението за стручна – административно опертивна подршка е упразнето, односно во мирување поради именување на лицето  во друга институција од страна на Владата на РСМ.

### III.3. Надлежности

Државниот комунален инспекторат врши инспекциски надзор над следните закони:

- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/19);

- Закон за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија" број 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 302/20);
- Закон за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21);
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 21/21)
- Одлука на Уставен суд на Р.М У бр.199/05 од 24.11.2007г. („СлужбенВесник на Република Македонија" бр. 16/07);
- Закон за гробишта и погребални услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 86/08, 156/10, 53/11, 163/13, 152/15 и 31/16);
- Закон за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 174/21);
- Закон за домување („Службен весник на Република Македонија" бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 302/20 и 150/22);
- Закон за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 199/14 и 147/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 18/20)и
- Закон за управување со отпадот („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 216/21);

## III.4. Организациона структура

Согласно Правилникот за систематизација на работите и задачите на Државниот комунален инспекторат, Државниот комунален инспекторат е организиран со четири основни организациони единици ( 4 ) и тоа:

- **Одделение за инспекциски надзор;**
- **Одделение за стручна административно-оперативна подршка на инспекторатот;**
- **Одделение за човечки ресурси и**
- **Одделение за финансиски прашања**

III.5. Состојба со човечки ресурси

Кадровската екипираност на Државниот комунален инспекторат се состои од **единаесет (11) вработени**, од кои освен Директорот на инспекторатот, останатите се со статус на административни службеници **десет (10)** вработени и се во состав на четири (4) четири одделенија.

Освен Одделението за инспекциски надзор, кој исклучиво врши инспекциски надзор од областа на комуналните дејности,во состав на Државниот комунален инспекторат се и останатите одделенија како подршка на инспекторатот кој имаат вкупно **пет (6) административни службеници од кои пет (5) на неопределно работно време и еден (1) на определено работно време** кои вршат административно технички и оперативни работи, како што се водење на деловодна книга, книга за претставки, одржување на моторни возила, јавни набавки, работни односи, пристап до информации од јавен карактер и водење на информативен систем за управување со човечки ресурси.

**Државниот комунален инспекторат во 2024 година,** инспекциските надзори ќе ги спроведува со четири (4) инспектори од кои : еден (1) Виш инспектор , еден (1) Советник комунален инспектор, еден (1) Самостоен комунален инспектор и еден (1) Помлад комунален инспектор сите со лиценци од комуналната област.

Ви напоменуваме дека кандидатот за инспектор Шериф Сума, на работно место Виш соработник - Самостоен комунален инспектор, успешно ја помина интерактивна обука, како и за полагањето на стручниот испит кој се надеваме дека ќе биде успешно завршен до крајот на месец Ноември 2023година со што очекуваме лиценцата да биде издадена од Инспекциски Совет на Република Северна Македонија во тековната година (2023), додека кандидатот за инспектор Тања Јовановска - Богданска на работно место Советник комунален инспектор, се стекна со лиценца во месец Јануари 2023 година , а во Февруари истата година самоволно поднесе барање за престанок на работниот однос.

**Напомена:**

Со Годишниот план за 2024 година, планирано е еден (1) Помлад соработник- помлад комунален инспектор и еден (1) административен службеник во Одделение за стручна административно-оперативна подршка.

Табела 1. Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање

| Вид | Инспектор за комунални дејности | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 - генерален инспектор | | | | | | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| Б2 - главен инспектор | | | | | | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| Б3 - пом. главен инспектор | | | | | | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| Б4 - виш инспектор | | | 1 | | | **1** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | **1** |
| В1 - советник инспектор | | 1 | | | | **1** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| В2 - самостоен инспектор | | | 1 | | | **1** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | **1** |
| В3 - помошник инспектор | | | | | | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| В4 - помлад инспектор | | 1 | | | | **1** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| **Вкупно** | **0** | **2** | **2** | **0** | **0** | **4** | **0** | **2** | **2** | **0** | **0** | **4** |

Табела 2. План за нови вработувања и пензионирања на инспектори

| Вид | Инспектор за комунални дејности | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | 1 | | 0 | 1 | 0 | 0 |
| Вкупно | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |

## IV.Инспекциски надзор

Со Годишниот план за работа на Државниот комунален инспекторат се утврдува постапката за вршење инспекциски надзор над субјектите, правни и физички лица кои вршат комунални дејности, односно условите и начинот на вршење на комуналните дејности уредени со закон.

Годишниот план за инспекциски надзор е важна алатка во управувањето со надзорот, бидејќи ги распоредува ограничените ресурси на инспекторатот со цел да постигне максимални ефекти во спречувањето на неправилностите и минимизирање на штетите. Изработката на планот е во најголем дел заснована врз проценката на ризиците. Квалитетот на планот е во директна корелација со квалитетот на проценката на ризиците.

Годишниот план за 2023 година е донесен врз основа на изменатa на **Предлог - Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори бр.08-275/1 од 10.10.2023 година,која преставува трета изменета и дополнета верзија и даденото позитивно мислење од страна на Инспекцискиот Совет на Република Северна Македонија со Заклучок од 326-та седница со арх. бр.12-974/3 од 19.10.2023година за усогласеност со Правилникот за елементите на проценка на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекцискиот надзор врз основа на проценка на ризикот („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 247/19).**

Извршено е планирање на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2024 година, по региони и општини, при што планирани се редовните инспекциски надзори како минимум за секој инспектор за период.

Државните комунални инспектори вршат вондередни инспекциски надзори врз основа на претходно поднесени претставки , пријави од страна на физички и правни лица како и по допрен глас врз субјектите согласно надлежноста во материјалните закони, со што поради зголемување на ефикасноста во работењето, овој инспекциски орган при годишното планирање ќе биде зголемен бројот на вондредни инспекциски надзори во наредната 2024 година.

По спроведувањето на инспекцискиот надзор и во зависност од утврдената фактичка состојба, и примена на конкретни инпекциски мерки (издавање на решенија со опомена, наредба, забрана и др.) во согласност со закон, ќе се реализираат и контролни инспекциски надзори, по изминување на рокот за отсранување на констатираните неправилности и применетите инспекциски мерки.

Институционалниот статус на Државниот комунален инспекторат се заснова на вршење инспекциски надзор над правни и физички лица кои вршат комунални дејности од значење за Републиката, како што се Јавни претпијатија основани од Владата на Република Северна Македонија, правни и физички лица на кои Владата

на Република Северна Македонија им е доверено вршење на соодветна комунална дејност и во итни случаи кога поради одлагање може да настане опасност по животот и здравјето на граѓаните и имотот.

Државниот комунален инспекторат има институционална надлежност да врши инспекциски надзор во комуналните дејности и тоа: регионални водоснабдителни системи и одведување на урбани отпадни води, јавната чистота на отворени простори на граничните премини и аеродроми, наплатни станици, гробиштата како инфраструктурни објекти и погребалните услуги, управувањето со отпадот во делот на собирање, селектирање и транспортирање на истиот, државните патишта во делот на одржување на јавна чистота на нив и заштиниот појас на патот и по исклучок инспекциски надзор во областа на домувањето. Исто така битно е да се напомене дека согласно Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност, се врши инспекциски надзор и над субјекти кои вршат определени комунални дејности предвидени во статутот на Јавните претпријатија, основани од Владата на Република Северна Македонија и на кои им е издадено дозвола за вршење на соодветна комунална дејност издадена од страна на државниот орган на управат .

## IV.1. Цели кои треба да се остварат со инспекцискиот надзор

Цели кои треба да се остварат со инспекцискиот надзор на Државниот комунален инспекторат се:

- Заштита на правата на граѓаните како и заштитата на животот и здравјето на луѓето, во областа на комуналните дејности, и тоа особено во делот на водоснабдувањето со здрава и квалитетна вода за пиење, развој на комунална инфраструктура од значење на Републиката, одведување на урбаните отпадни води преку колекторските системи од значење на Републиката за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското езеро, заштитата на јавната чистота на државните патишта, граничните премини и други објекти од значење на Републиката кои ги вршат правни и физички лица кои поседуваат соодветни дозволи за работа од областа на комуналните дејности издадени од надлежниот државен орган.
- Унапредување на конкурентноста во економијата, владеење на правото и заштита на финансиските интереси на граѓаните во областа на комуналните дејности, особено во делот на погребалните услуги како стопанска дејност што ја обавуваат правни лица кои поседуваат лиценца за обавување на оваа дејност издадена од надлежен државен орган.
- Со примената на Законот за управување со отпад Државниот комунален инспекторат, при вршење на инспекциски надзори со оглед на специфичноста и големиот број на неправилности во делот на правилно

третирање на отпадот ќе се потруди да направи поефикасно и побрзо имплементирање на надлежностите во периодот на усогласување со законот.

## IV.2. Резултати

Резултатите од инспекциските надзори се очекуваат да постигнат подобрување на состојбата во комуналната област и тоа:

- Закон за комунални дејности-основање на Јавни претпријатија во сите ЕЛС за вршење на комуналните дејности,а во веќе постоечките подобрување и зголемување на дејностите.
- Закон за јавна чистота-вршење на јавната чистота и зголемување на нејзиниот обем на целата територија на Република Северна Македонија
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води-превземање на сите водоводни системи во ЕЛС во еден водоснабдителен систем од страна на Јавните комунални претпријатија (општински)
- Закон за гробишта и погребални услуги-превземање и управување со гробиштатата и вршењето на погребалните услуги на целата територија на ЕЛС, како и почитување на одредбите од страна на правни и физички лица кои поседуваат дозвола за обавување на оваа дејност, со цел давање на квалитетна услуга на граѓаните.
- Закон за јавни патишта- одржување и чистење на заштитниот појас на државните патишта како и објектите лоцирани на истите.
- Закон за домување – по барање на ЕЛС
- Закон за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност - да се надмине сивата економија во комуналната област и
- Закон за управување со отпад – со изрекување на инспекциски санкции и мерки и помош при примарна селекција на комуналниот неопасен отпад.

## IV.3.Краток опис

Очекуваните резултати за 2024година би можеле да се реализираат во голем процент, доколку се подобри законската регулатива,се зголемат обврските и одговорностите на локалната самоуправа на Јавните комунални претпријатија,се подобри екипираноста на локалните инспектори и се зголемат надлежностите на Државниот комунален инспекторат во делот на казнената политика кон ЕЛС и нивните органи.Исто така,треба да се зголеми и улогата на Државниот комунален инспекторат при контролата и прекршочните одредби и на субјектите за вршење на комунални услуги основани од Владата на РСМ и на правните и физички лица на кои Владата на РСМ им дала дозвола за вршење на комунални дејности.

### IV.4. Индикатори

За да се постигнат очекуваните резултати потребно е зголемување на бројот на инспекторите и подобрување на законската регулатива.

Во врска со Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води врз основа досегашните надзори и искуство,како индикатор се појавува потребата од регулирање на материјата од превземање на сите водоводни системи во ЕЛС во еден водоснабдителен систем од страна на Јавните комунални претпријатија (општински).

Закон за гробишта и погребални услуги како индикатор се појавува потребата од прилагодување на јавните претпријатија во делот на водењето на посебното сметководство , односно усогласување на надоместоците согласно одредбите од истоимениот закон, како и континуирано исполнување на обврските од страна на правните и физички лица кои поседуваат дозволи за оваа дејност.

Постојната казнена политика во законските рамки и функционирањето - нефункционирањето на локалната самоуправа со сите нејзини органи и механизми е посебен индикатор кој што треба да претрпат соодветни законски решенија за да дојде до поголема функционалност и ставање ред во комуналната област.

Во текот на 2023 година согледано е дека постојниот Закон за управување со отпад не ги прецизира надлежностите на Државниот комунален инспекторат, како и на овластените комунални инспектори и од тие причини изготвен е Предлог измена на Законот за управување со отпад, од страна на Државниот комунален инспекторат и истиот предлог е доставен до Министерството за животна средина на понатамошна постапка.

Инспекциски надзор

Табела 3 Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2024година, по региони и општини

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | **Вардарски регион** | **28** | **15** | **15** | **58** | **15** |
| 1 | Велес | 6 | 3 | 3 | 12 | 3 |
| 2 | Градско | 2 | 1 | 1 | 4 | 1 |
| 3 | Демир Капија | 2 | 1 | 1 | 4 | 1 |
| 4 | Кавадарци | 4 | 3 | 3 | 10 | 3 |
| 5 | Лозово | 2 | 1 | 1 | 4 | 1 |
| 6 | Неготино | 3 | 1 | 1 | 5 | 1 |
| 7 | Росоман | 2 | 1 | 1 | 4 | 1 |
| 8 | Свети Николе | 5 | 3 | 3 | 11 | 3 |
| 9 | Чашка | 2 | 1 | 1 | 4 | 1 |
| | **Источен регион** | **41** | **23** | **18** | **82** | **18** |
| 10 | Берово | 3 | 2 | 1 | 6 | 1 |
| 11 | Виница | 4 | 3 | 1 | 8 | 1 |
| 12 | Делчево | 4 | 2 | 2 | 8 | 2 |
| 13 | Зрновци | 2 | 1 | 0 | 3 | 0 |
| 14 | Карбинци | 2 | 0 | 1 | 3 | 1 |
| 15 | Кочани | 4 | 3 | 2 | 9 | 2 |
| 16 | Македонска Каменица | 3 | 2 | 2 | 7 | 2 |
| 17 | Пехчево | 2 | 1 | 1 | 4 | 1 |
| 18 | Пробиштип | 5 | 3 | 2 | 10 | 2 |
| 19 | Чешиново | 2 | 1 | 1 | 4 | 1 |
| 20 | Штип | 10 | 5 | 5 | 20 | 5 |
| | **Југозападен регион** | **31** | **12** | **10** | **53** | **10** |
| 21 | Вевчани | 2 | 1 | 1 | 4 | 1 |
| 22 | Дебар | 3 | 1 | 1 | 5 | 1 |
| 23 | Дебарца | 2 | 1 | 1 | 4 | 1 |
| 24 | Кичево | 6 | 2 | 2 | 10 | 2 |
| 25 | Македонски Брод | 3 | 2 | 1 | 6 | 1 |
| 26 | Охрид | 8 | 3 | 2 | 13 | 2 |
| 27 | Пласница | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 28 | Струга | 3 | 2 | 2 | 7 | 2 |
| 29 | Центар Жупа | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 |
| | **Југоисточен регион** | **30** | **16** | **12** | **56** | **12** |
| 30 | Богданци | 3 | 1 | 2 | 6 | 2 |
| 31 | Босилово | 2 | 1 | 1 | 4 | 1 |
| 32 | Валандово | 3 | 1 | 1 | 4 | 1 |
| 33 | Василево | 2 | 1 | 1 | 4 | 1 |
| 34 | Гевгелија | 4 | 3 | 1 | 7 | 1 |
| 35 | Дојран | 3 | 2 | 1 | 6 | 1 |
| 36 | Конче | 2 | 1 | 0 | 3 | 0 |
| 37 | Ново Село | 4 | 3 | 2 | 9 | 2 |
| 38 | Радовиш | 3 | 1 | 1 | 5 | 1 |
| 39 | Струмица | 4 | 2 | 2 | 8 | 2 |
| | **Пелагониски регион** | **32** | **13** | **11** | **55** | **11** |
| 40 | Битола | 6 | 4 | 3 | 13 | 3 |
| 41 | Демир Хисар | 3 | 1 | 1 | 5 | 1 |
| 42 | Долнени | 2 | 1 | 0 | 3 | 0 |
| 43 | Кривогаштани | 2 | 1 | 0 | 3 | 0 |
| 44 | Крушево | 3 | 1 | 1 | 5 | 1 |
| 45 | Могила | 3 | 0 | 0 | 2 | 0 |
| 46 | Новаци | 2 | 0 | 1 | 3 | 1 |
| 47 | Прилеп | 8 | 4 | 4 | 16 | 4 |
| 48 | Ресен | 3 | 1 | 1 | 5 | 1 |
| | **Полошки регион** | **22** | **8** | **7** | **37** | **7** |
| 49 | Боговиње | 2 | 0 | 1 | 3 | 1 |
| 50 | Брвеница | 1 | 0 | 1 | 2 | 1 |
| 51 | Врапчиште | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 |
| 52 | Гостивар | 4 | 2 | 2 | 8 | 2 |
| 53 | Желино | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| 54 | Јегуновце | 2 | 1 | 0 | 3 | 0 |
| 55 | Маврово и Ростуша | 4 | 1 | 1 | 6 | 1 |
| 56 | Теарце | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 |
| 57 | Тетово | 4 | 3 | 2 | 9 | 2 |
| | **Североисточен регион** | **17** | **6** | **5** | **28** | **5** |
| 58 | Кратово | 2 | 1 | 1 | 4 | 1 |
| 59 | Крива Паланка | 4 | 2 | 2 | 8 | 2 |
| 60 | Куманово | 5 | 3 | 2 | 10 | 2 |
| 61 | Липково | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 62 | Ранковце | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 |
| 63 | Старо Нагоричане | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 |
| | Скопски регион | 27 | 12 | 12 | 51 | 12 |
| 64 | Аеродром | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 |
| 65 | Арачиново | 2 | 0 | 1 | 3 | 1 |
| 66 | Бутел | 5 | 3 | 2 | 10 | 2 |
| 67 | Гази Баба | 2 | 0 | 1 | 3 | 1 |
| 68 | Ѓорче Петров | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 |
| 69 | Зелениково | 2 | 0 | 1 | 3 | 1 |
| 70 | Илинден | 2 | 1 | 1 | 4 | 1 |
| 71 | Карпош | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 72 | Кисела Вода | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 73 | Петровец | 2 | 1 | 1 | 4 | 1 |
| 74 | Сарај | 2 | 1 | 1 | 4 | 1 |
| 75 | Сопиште | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 |
| 76 | Студеничани | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 |
| 77 | Центар | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 78 | Чаир | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 79 | Чучер-Сандево | 2 | 1 | 1 | 4 | 1 |
| 80 | Шуто Оризари | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| ВКУПНО | | 228 | 105 | 90 | 420 | 90 |

## V. Обука на инспекторите и административните службеници

Потребно е да се воспостави систем преку кој ќе се утврдува потребата од учество/присуство наобуки и стручно усовршување, односно да се воспостави систем на правилна оцена согласно кој секој вработен ќе учествува/присуствува на обука/работнилница/работна посета која му е потребна за унапредување на неговото стручно знаење во областа која работи. Во моментов отсуствува ваков систем и недостасуваат прецизни критериуми врз основа на кој начин се номинираат вработени за учество/присуство на обука/работнилница/работна посета. Исто така потребен е и систем за споделување на стекнатото знаење со останатите колеги.

А) Обука на инспекторите

Стручното усовршување на инспекторот, се спроведува преку:

- Генерички и
- Специјализирани обуки

Во согласност со член 50 став (1) и став (2) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр. 102/2019), а во врска со Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2023 година бр. 02-754/1, донесена од Инспекциски совет на Република Северна Македонија на ден 23.06.2022 година, Државниот комунален инспекторат за 2024 година има донесено Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2024 година бр.08-308/1 од 03.11.2023година.

Видовите специјализирани обуки се определени согласно надлежностите на делокругот на работата што се утврдени согласно одредбите на материјалните закони според кои постапуваат инспекторите и истите ќе се спроведуваат согласно Годишната програма за специјализирана обука бр. 08-307/1 од 03.11.2023 година.

Согласно годишната програма за генерички обуки, во прилог на овој план е табелатен преглед за генерички обуки за секој инспектор во Државниот комунален инспекторат, кои се предвидени да се реализираат во 2024 година.

**Табеларен преглед за генерички обуки на инспекторите согласно годишната програма за генерички обуки за 2024 година.**

| Ред. Бр. | Име и Презиме на инспектор | Област/Тема | Временски распоред | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Во училница | LMS платформа |
| 1. | Виш инспектор- Ристо Георгиев | Тема 1.3<br>Начела и организација, постапки, одговорност и санкции (Закон за прекршоци) | 16-та седмица | Јан/Дек |
| | | Тема 1.4<br>Постапување по претставки и предлози, прекршочни одредби (Закон за постапување по предлози и претставки) | 21-ва седница | Јан/Дек |
| | | Тема 1.15<br>Информатички систем за спроведување на инспекциски надзор Е-инспектор | 51-та седмица | Јан/Дек |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Советник инспектор - Бранкица Николоска | | | |
| | | Тема 1.3<br>Начела и организација, постапки, одговорност и санкции(Закон за прекршоци) | 16-та седмица | Јан/Дек |
| | | Тема 1.12<br>Изработување на управни акти | 48-ма седмица | Јан/Дек |
| | | Тема 1.15<br>Информатички систем за спроведување на инспекциски надзор Е-инспектор | 51-та седмица | Јан/Дек |
| 3. | Самостоен инспектор-Шериф Сума | | | |
| | | Тема 1.2<br>Инспекциски надзор (Закон за инспекциски надзор и Упатствоза начинот на спроведување на инспекцискиот надзор) | 11-та и 12–та седмица | Јан/Дек |
| | | Тема 1.3<br>Начела и организација, постапки, одговорност и санкции(Закон за прекршоци) | 16-та седмица | Јан/Дек |
| | | Тема 1.15<br>Информатички систем за спроведување на инспекциски надзор Е-инспектор | 51-та седмица | Јан/Дек |
| 4. | Помлад инспектор-Ненад Станоев | | | |
| | | Тема 1.7<br>Компјутерска обработкаи табеларни пресметки | 39-та седмица | Јан/Дек |
| | | Тема 1.11<br>Управување со стрес | 47-ма седмица | Јан/Дек |
| | | Тема 1.14<br>Систем на интегритет во инспекциската служба | 50-та седмица | Јан/Дек |

*Во Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2024 година се планирани и обуки за кандидатот за инспектор Шериф Сума, која ќе се стекне со лиценца за инспектор до крајот на месец Ноември во тековната година (2023 година).

## VI.Буџет и финансирање

Државниот комунален инспекторат располага со буџет кој овозможува и ги покрива сите планирани расходи за тековната година. Буџетскиот циркулар на финсиски средства по ставките на трошење се гледа во долунаведениот спецconfig за планирани расходи за 2024 година.

| БУЏЕТ ЗА 2024 ГОДИНА | | |
|---|---|---|
| Расходна ставка | Опис | Буџет (637) |
| | Расходи | |
| | Вкупно расходи | |
| 401 | **Плати и надоместоци** | **7.075.000,00** |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 2.727.000,00 |
| 42 | **Стоки и услуги** | **3.134,000.00** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 60,000.00 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1,193,000.00 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 73,000.00 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 663,000.00 |
| 425 | Договорни услуги | 405,000.00 |
| 426 | Други тековни расходи | 240,000.00 |
| 465 | Исплата по извршни исправи | 500.000.00 |
| 48 | **Капитални расходи** | **100.000,00** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 100.000,00 |

Поднесен е Предлог - Буџет за 2024 година на Државниот комунален инспекторат - Скопје за кој што сеуште се чека одобрение од страна на Министерство за финансии. По добиената согласност од Министерство за финансии на дадениот Предлог – Буџет за 2024 година дополнително ќе ви биде доставен самиот Буџет и согласност како составен дел на Годишниот план за работа на Државниот комунален инспекторат за 2024 година.